КИРЧЕ ТРАЈАНОВ, протоѓакон

# ПОВИКОТ ОД БОГА – ОСНОВА ЗА ПРИМАЊЕ НА ПАСТИРСКАТА СЛУЖБА ВО ЦРКВАТА

> „Се ужаснувам гледајќи на што се дрзнуваат некои безумници, кои решиле непромислено да бараат да примат свештенство, без да бидат повикани од Христовата благодат, не знаејќи дека со тоа оган и смрт си подготвуваат.“[1]

Во пастирската теологија, темата за пастирскиот призив е незаобиколна. Нејзиното значење доаѓа до израз во контекст на разбирањето на самата природа на пастирската служба, како и во однос на потребата да се пристапи кон неа трезвено и со јасна свест за нејзината одговорност. Односот кон пастирството и богоугодното извршување на оваа највозвишена служба, во голема мера, зависат од правилното расветлување на прашањата поврзани со пастирскиот призив. Православните пастиролози сметаат дека повикот од Бога е неопходен услов за примање на пастирската служба во Црквата. Основа за својот став наоѓаат во библиското Откровение. Светото писмо јасно сведочи дека различните служби на светите патријарси, пророци, апостоли, преку кои се остварува спасителната промисла во историјата на Божјиот домострој, се условени со особен повик *одозгора*. „И никој сам не се здобил со таква чест, туку само оној кој е повикан од Бога, како што беше Арон.“ (Евр. 5, 1-5). Овие апостолски зборови, искажани во поглед на првосвештеничката служба, всушност, се однесуваат на секоја посебна служба, дадена од Бога. Како и самите служби, така и самиот избор на носителите на службите се случува според волјата на Себлагиот Бог.[2] Никој не може

[1] Преп. Ефрем Сирин, „Слово о священстве“, *Творения*. Т 2. Москва 1993, 433.

[2] Во древната Црква изборот на епископите, презвитерите и ѓаконите се вршел од страна на локалната црковна заедница, заради која се вршело ракополагањето. Во изборот на клириците учествувал народот Божји, заедно со свештенството. Но веќе во IV–V век преовладала тенденцијата изборот на епископите да го врши епископскиот собор на чело со

да стане „служител на Божјите таинства“, без да биде повикан од Бога. Во Стариот завет, Бог му се обраќа на пророкот Еремија со зборовите: „Пред да те обликувам во утробата, Јас те познав, и пред да излезеш од утробата, те посветив, те поставив за пророк на народите“ (Јер. 1, 5). Нашиот Спасител, Богочовекот Христос на своите ученици им говори: „Вие не Ме избравте Мене, туку Јас Ве избрав и ве поставив да одите да принесувате плод и плодот ваш да остане“ (Јован 15, 16). Во *Дела айосшолски* читаме како Светиот Дух им заповеда на христијаните во Антиохија: „Одвојте ми ги Варнава и Савла за делото, за кое ги повикав“ (Дела 13, 2). Апостолот Павле честопати за себе говори како за „повиканиот апостол на Исуса Христа по волјата Божја“ (1 Кор. 1, 1 спореди: Рим. 1, 1; Гал. 1,1; 1,15). Овие сведоштва се релевантни и за пастирската служба, затоа што таа влегува во редот на посебните црковни служби во кои се пројавуваат дарови на Светиот Дух (1 Кор. 12, 28).[3] Наспроти општата согласност за неопходноста од пастирскиот призив, во пастирската теологија постојат одредени разидувања во поглед на тоа како да се разбере и како да се препознае повикот од Бог за примање на пастирската служба. Пред да ги разгледаме овие разногласија, најпрво, ќе се осврнеме на прашањето за самиот карактер на пастирскиот призив.

### Пастирскиот призив – тајна на Божјата икономија

Вообичаено, изразот призив (вокација) се користи за означување на склоноста на човекот кон определно занимање или професија. Меѓутоа, самиот израз *йризив* подразбира две страни: оној кој е повикан и Оној кој повикува. Природните дарби и предиспозиции, врз чијашто основа се врши изборот на определна професија или служба, треба да се разберат како обдареност од Бога и повик да се умножуваат талантите, заради служење на

митрополитот, а презвитерите и ѓаконите да ги избира и ракополага епископот, (во совет со свештенството). Особено е важно да се нагласи дека „преку изборот од Црквата се откривала Божјата волја. Црквата го избирала оној кој веќе бил предизбран од Бога, а не тој кој ѝ бил угоден според човечкиот поредок. Следствено, изборот имал за задача да го открие оној кој веќе бил избран од Бога. [....] Изборот во древноста немал правен карактер. Изборот имал за цел да ја објави Божја волја, која се откривала во Црквата, тој имал задача да го открие оној кој е предназначен од Бога.“ Николай Николаевич Афанасьев, *Экклезиология вступления в клир*, Киев 1997, 16.

[3] „Даровите се различни и службите се различни, но Духот е еден ист. Истиот Дух Кој го конституирал апостолското, пророчкото и учителското служење, ја конституирал и Црквата и служењето на управувањето. [...] Службата на управувањето била најнеопходна за животот на Црквата, бидејќи без неа Црквата не може да постои во емпирискиот живот. Без неа не може да има Евхаристиско собрание, а без Евхаристиското собрание не може да постои Црквата.“ Николай Афанасьев, *Церковь Духа Святого*, Рига 1994, 6.

другите луѓе. Но во случајот со пастирската служба природните дарби не се доволни самите по себе, неопходен е благодатниот повик од страна на Бога, личносно осознаен од страна на идниот пастирослужител. Затоа, пастирството не е професија и не се избира како што вообичаено се избира професијата. Божјиот повик не зависи од заслугите и достоинства на оној кој е повикан. Ова не подразбира релативизација на човековата волја и стремежот кон пастирската служба, ниту пак отфрлање на потребата од свесна и одговорна подготовка за примањето на пастирската служба. Повикот и пастирството, првенствно, се благодатен дар Божји. Одредени членови од Својот народ, Бог ги повикува за оваа највозвишена служба, според Нему познати критериуми за изборот, кои честопати се разликуваат од човековите критериуми и очекувања. Божјиот избор и повик имаат таинствен карактер и не можат да подлежат на целосно обестајнување. И покрај сите напори во пастирската теологија за објаснување на пастирскиот призив, кои се неопходни, сепак, останува впечатокот дека тој не може целосно да се објасни на строго рационален начин и да се стави во прецизно утврдени шеми.[4] При секој обид да се даде богословско толкување на природата на пастирскиот призив и да се објаснат сите знаци преку кои тој се спознава, не треба да се губи од вид неговиот мистериолошки карактер. Божјиот повик за највозвишената служба, првенствено, е тајна на Божјата љубов, премудрост и слобода. Првата основна претпоставка на пастирскиот призив е изразена во Христовите зборови: „Вие не Ме избравте Мене, но Јас ве избрав вас“ (Јован 1, 16). Како и во севкупниот Божји домострој, така и во поглед на пастирскиот призив, иницијативата му припаѓа на сезнајниот Бог, Кој според Својата премудра промисла одредени луѓе ги предназначува за определена служба. Свети Јован Златоуст, говорејќи за различните дарови и служби во Црквата, забележува дека „Бог знае кому што му е полезно и на тој начин

---

[4] Василиј Ф. Певницки говори за тешкотијата, па, дури и за неможноста прецизно да се определат сигурните знаци за пастирскиот призив. Според него, кога не станува збор за повикувањето од Бога, како што е случајот со пророците, апостолите и светителите, призивот е нешто што воопшто „не е лесно за спознавање“. Певницки забележува дека во размислувањата за призвот, има многу неопределности, и тешко е од таквите размислувања да се „извлечат јасни и цврсти правила за практично раководство во животот. Зашто, кога брзо преминуваме од областа на апстрактните претстави за свештеничкиот призив кон практичната животна почва, тогаш срекаваме големи и речиси ненадминливи тешкотии во однос на тоа да ги издигнеме тие претстави на степен на закон, кој бара неизоставна примена во животот.“ Василий Федорович Певницкий, *Священник. Приготовление к священству и жизнь священника*, Киевъ 1886, 32. Без оглед на правилното согледување, се чини, дека Певницки неоправдано ја пренагласува разлика помеѓу „исклучителните“ и „вообичаените“ случаи на пастирскиот призив. Се добива впечаток дека овој пастиролог во „вообичаените случаи“ благодатното доживување на повиканиот од Бога не го зема предвид како реална можност.

ја распределува благодатта“.[5] Божјата благодат е главно организационо начело во Црквата. Според „неразделно делење“ на благодатните дарови, се пројавуваат различните црковни служби, преку кои се изградува Црквата како тело Христово. „Бог ги наредил органите, секој од нив во телото така, како Му било угодно. А на секого му се дава во него да се пројави Духот за полза“ (1 Кор. 12, 18, 7). Според Свети Јован Златоуст, апостолот Павле со овие свои зборови „докажува дека даровите зависат од волјата на Отецот. Често, многумина, поради нечистиот и мрзлив живот, не добиле дарови. Но понекогаш нив не ги добиле и луѓе кои имале добар и чист живот. Зошто? За да не паднат, за да не се возгордеат, за да не станат мрзливи, за да не превознесуваат премногу. Ако и без даровите, самата свест за чистиот живот може да поттикне гордост, тогаш тоа е можно уште повеќе кога се присутни благодатните дарови. Затоа тие биле дарувани повеќе на луѓе со смирение и простодушност [...] Смирениот и оној кој нема високо мислење за себе, откако ќе добие благодатен дар, станува уште поревносен; како човек кој добил нешто незаслужено и се смета себеси за недостоен; а кој мисли дека покажал заслуги, тој го смета дарот за отплата што му следи и се превознесува. [...] Ако човекот-домаќин знае кому што да довери, уште повеќе Бог, Кој го гледа човековиот ум и знае сè, уште пред да биде извршено.“[6] Затоа, според Златоуст, не треба да негодуваме зошто не поседуваме определни дарови или служби, затоа што нивното дарување можеби нема да ни биде од духовна полза.

Од спознанието на Божјиот повик за пастирската служба зависи и односот кон примањето на пастирскиот јарем и успехот во пастирското дело.[7] Затоа, „тајната на изборот и призивот е првото нешто коешто пастирот на Црквата треба да го помни и да го осознава. Црквата се изградува и живее преку Светиот Дух и во неа сите служби се од Бога, а не од луѓето. Во Црквата нема и не треба да има самоповиканост, во неа е дејствително и пло-

[5] *In epistulam ad Hebraeos* 2, 5 (PG 63, 34).

[6] *In epistulam ad Hebraeos* 2, 5 (PG 63, 34).

[7] Автентичното доживување на сопствениот пастирски призив е основа врз која се развива пастирската самосвест. На извесен начин, ова благодатно доживување го „чува“ пастирослужителот од можните застранувања од неговиот крстоносен пат. При сите искушенија, кризи и можни падови, на секој црковен пастир му е потребно постојано „навраќање“ кон еднаш слушаниот повик Божји. Тој за него останува постојана актуелност во неговиот живот. Еднаш слушнатиот повик од Бога, иако се случил во определен момент или период од живот на повиканиот, треба постојано да се слуша да бива спознаван. Динамиката помеѓу повикот и одговорот трае низ целиот подвиг на свештеникот. Еднаш потврдно дадениот одговор треба постојано да се потврдува, секојдневно, низ сите тешкотии и од страна на црковниот пастир. Токму во тоа и се состојат постојаноста и посветеноста во пастирскиот подвиг.

дотворно само она што е од Бога.“[8] Прво и постојно сознание во свеста и искуството на црковниот пастир се однесува на тоа дека тој не ја „заслужил“ својата пастирска служба, туку ја „добил“ како највозвишен дар на Божјата љубов и милост. Црковното пастирство како и секоја служба во Црквата е пројава на определени благодатни дарови. Во Црквата нема и не може да има безблагодатни служби, затоа што таа, како тело Христово, благодатно се изградува преку даровите на Светиот Дух (1 Кор. 12 гл.; Ефес. 4, 11). Свеста за благодатниот карактер на пастирската служба секогаш ги упатува црковните пастири кон смиреномудреното сознание дека тие се „работници на Божјата нива“, „соработници на Бога“ (1 Кор. 3, 9), преку чијашто служба, Бог ги прави луѓето наследници на спасението. Пастирите, како „служители Христови и управници на Божјите таинства“ (1 Кор. 4, 1) треба да имаат длабока свест дека немаат сопствена власт во Црквата, која не им дадена од Бога. Тие, самите по себе, не се извор на свештенството. Иако, овој став е толку јасен и вистинит, што нема потреба од негово истакнување, сепак, можноста од погрешното разбирање на природата на пастирската служба од страна на самите нејзини носители е секогаш присутна. „А од управниците понатаму се бара секој од нив да се покаже верен“ (1 Кор. 4, 2), односно она што му припаѓа на Господа да не го присвојува и да не го припишува на себе наместо на Господа, туку да постапува како домоуправител. Работа на домоуправителот е да располага добро со она што му е доверено, да не го нарекува свое она што му припаѓа на Господа, туку напротив своето да го припишува на Господа.“[9]

### Различни пастиролошки пристапи

При разгледувањето на темата за пастискиот призив, се соочуваме со следниве прашања: Како да се препозне призивот за пастирската служба? Во што се состои призивот, односно како се пројавува? Како со сигурност да се знае дека некој *е* или не е повикан? Постојат ли сигурни критериуми за повиканоста или неповиканоста за пастирството? Долго време, во пастирската теологија, појдовна точка во разгледувањето на темата за пастирскиот призив била дистинкцијата помеѓу *внатрешен призив* (vocatio interna) и *надворешен призив* (vocatio externa). Станува збор за разликување прифатено од римокатоличката схоластичка теологија, позната по својата

[8] Александр Шмеман, „Из лекций по пастырскому богословию“, *Собрание статей 1947–1983*, Москва 2009, 733.

[9] Свети Јован Златоуст, *In epistulam I ad Corinthios* 10, 2 (PG 61, 84).

тенденција сè прецизно да подели, наброи и систематизира.[10] Под vocatio interna се подразбира внатрешниот стремеж, личната склоност и расположение кон пастирската служба или пак слушањето на некаков внатрешен глас, кој го повикува човекот кон пастирскиот подвиг. Како показатели на внатрешниот повик се сметаат личните способности, особено, моралните и духовни квалитети на идниот пастир. „Надворешниот призив“ се однесува на околностите и случувањата, кои не зависат од човекот, но кои може да имаат поттикнувачко или пресудно влијание врз неговата определба за пастирската служба. Надворешниот призив доаѓа како предизвик во вид на средба со авторитетен духовник, соочување со тешка болест, смрт на близок човек, воопшто настани кои радикално го менуваат животниот пат на определна личност и ја насочуваат кон пастирството. Во редот на знаците на надворешниот призив се вбројуваат и потеклото од свештеничко семејство, желбата на родителите, стекнување со богословско образование, благослов од духовникот. Во овој контекст, повиканоста од Црквата, пред сè изразена во волјата на надлежниот архијереј, се истакнува како најважен показател на призивот.

Некои пастиролози акцентот го ставаат на внатрешниот призив, а некои на надворешниот призив. Основното разидување помеѓу нив е во однос на прашањето кој од овие „два вида призиви“ е посуштествен и е сигурно сведоштво за нечија повиканост за пастирската служба.[11] Нагласената поларизација помеѓу двете опции може да биде илустрирана со ставовите на двајца познати автори: Василиј Ф. Певницки (1832 – 1911) и митрополиот Антониј Храповицки (1863 – 1936). Првиот пастиролог го пре/нагласува внатрешниот призив за сметка на таканаречениот надворешен призив. Тој, укажувајќи на недоволноста и неопределеноста на знаците на надворешниот призив, во одредена мера, истите и ги релативизира. Според него, „внатрешеното расположение и љубовта кон свештенството“ има неспоредливо поголемо значење од потеклото, образовнието на потенцијалниот кандидат за свештенички чин, како и од позитивните оцени и препораки од образовните инсти-

[10] Макарий (Лошкарев), *Пастырское богословие Римо-католической Церви и его оценка с православной точки зрения (Диссертация на соискание ученой степени кандидата богословия)*, Сергиев Посад 2004, 90. Во пастирската теологија овој схоластички манир останува актуелен и денес. Погледни: *Пастырско богословие*, ред. Иларион митрополит Волоколамский, Москва 2021, 64–73; спореди: Тарасий (Ланге Юрий Иванович), „Решение вопроса о призвании к священническому служению в русской пастирологии“, *Теологический вестник Смоленской Православной Духовной Семинарии,* (2020), 18–25.

[11] Истата дилема била присутна и кај римокатоличките пастиролози, особено пред Вториот Ватикански концил. Макарий (Лошкарев), *Пастырское богословие Римо-католической Церви и его оценка с православной точки зрения*, 90.

туции за него.[12] Певницки забележува дека „внатрешниот призив како сила која го насочува човекот да се подговува за свештеничкото служење и истото да го бара“ во пастирологијата не е доволно разјаснето. Но и тој самиот не успева да даде прецизен одговор во определувањето на внатрешниот призив и се ограничува само на ставот дека призивот се состои во силниот личносен стремеж кон пастирстовото, кој треба да биде проверен. Оној кој сака да ја прими пастирската служба внимателно треба да ги испита мотивите на својата желба, да провери дали тие соодветствуваат на пастирскиот призив. Самиот кандидат е главниот критериум за својата повиканост или неповиканост.[13]

Радикално спротивен став од Певницки има митрополитот Антониј Храповицки. Според него, внатрешната наклонетост кон свештеничката служба воопшто не е релавантна за нечија повиканост за пастирската служба, а „главен и надворешен показател за призивот е избраноста од страна на Црквата“[14]. Според Храповицки, учењето за внатрешениот призив во православната теологија е влезено „однадвор“. „Гласот Божји во срцето на човекот, за којшто сакаат да говорат римокатоличките богослови, нам ни се чини дека, во најголем број случаи, ако не и секогаш, тој глас не е ништо друго, туку плод на самоизмама. Богословите тврдат дека наводно секој кандидат за ракополагање е должен да го слуша, но ние мислиме дека тој глас може да го слушне само оној кандидат, кој е предодреден од страна на Црквата. Самопроценувањето или самосознанието, самото по себе, не смее

[12] Василий Федорович Певницкий, *Священник. Приготовление к священству и жизнь священника*, 34.

[13] Слична позиција имаат и други автори. Тие често се повикуваат на апостолските зборови: „Кој човек знае што има во човекот, освен човековиот дух, кој живее во него?“ (1 Кор. 2, 11). „Последен определувачки момент е барањето на совеста да се посветиш на пастирската служба. Совеста треба да разбере дали побудите за пастирството се од Бога или од сопственото јас; дали мотивите соодветствуваат на целите на пастирството.“ Г. И. Шавелски, *Православно пастирство*, *(основи, задачи и духъ на православното служение)*, София 1929, 45. Шавелски се повикува на зборовите на еден западен пастиролог (А. Винет): „Кога совеста не овластува и нѐ побудува да земеме врз себе извесна должност, тогаш го имаме тоа што надвор од секоја чудесност, најдобро го заслужува името призив“. *Истиот*, 44. „Секој кој се стреми кон свештенството... треба добро и највнимателно, пред сѐ, самиот да се провери и испита: дали има и дали чувствува призив за највозвишеното и најодговорното служење пред Бога и пред луѓето.“ Христо Димитров, *Пастирско богословие*, София 2005, 57. За разлика од Певници, овие двајца пастиролози особено ја истакнуваат улогата на надлежниот архијереј, кој треба испитувањето на кандидатот да го направи најсовесно, затоа што токму тој, пред Бога и пред Црквата, е најодоговорен за полагањето на своите раце. Спореди: Иоанн (Шаховской), *Философия православного пастырства, (путъ и действиве),* Берлин 1935, 33.

[14] Антоний Храповицкий, *Пастырское богословие*, Свято-Успениский Псково-Печерский моностирь, 1994, 52.

да има значење.“[15] Овој свој став, Храповицки го оправдува со можноста од духовната прелест, која според него кај младите луѓе е скоро неизбежна.[16] Затоа, секој кој при носењето на одлуката за примањето или непримањето на свештенички чин се потпира на проценката на своите морални и духовни особини постапува неправилно. Самиот кандидат не може да се самопрогласува за повикан или за неповикан за пастирската служба. Судот за нечие достоинство или недостоинство ѝ припаѓа исклучиво на Црквата, истакнува Храповицки.[17] Според него, главното дело кон кое потенцијалните кандидати за свештенство (првенствено учениците во богословски училишта) треба да бидат фокусирани е нивната духовно-морална подготовка и изградувањето на соодветно настроение за службата за којашто се повикани од Црк-

[15] Антоний Храповицкий, *Пастырское богословие,* 51–52.

[16] „Не може младиот човек да се смета за способен за свештенство, само затоа што има истрајна желба да биде свештеник. Многумина уште од малолетните години имаат чувство на ’повиканост‘ и копнеат за свештенството, но често се покажуваат како самоизмамени фантазери, кои се восхитени од надворешната убавина, величественост и важноста на христијанското богослужение. Но, дури и некои и да се решат да ги примаат пастирските должности, очигледено, со посеризна цел – да влијаат врз душите на своето идно паство, и тоа сè уште не е гаранција за достојно пастирско служење. Човековото самољубие може да се изразува во различни видови: погруби и попрефинети; на луѓето со попрефинет ментален склоп, може да им причинуваат задоволство оние морални предности кои се поврзани со пастирството. Нив може да ги опрелестува, на пример, правото да даваат совети, да поучуваат, да исповедааат итн. Слични појави може да се сретнат и кај младичите, и се разбира, тие најмалку може да гарантираат за духовната корист од своето пастирското делување, па дури и желбата за примање на свештнички чин кај нив да е непоколебива. Напротив, ако таа желба има некористољубив, а притоа, како што често се случува и неодговорен карактер, таа ретко е постојана и цврста. Човекот кој го слуша сопственото настроение се колеба, сметајќи се себеси час достоен, час недостоен за возвишената служба.“ Антоний Храповицкий, *Пастырское богословие*, 52.

[17] Неопходноста на повикот за пастирско служење, од страна на Црквата, ја истакнува и архимандрит Пантелејмон (Агриков). Тој забележува: „Без призивот од Црквата, ниту вродената склоност кон пастирството, ниту другите потребни духовни квалитети не можат да го направат повикниот достоен за пастирството. Оној кој не е повикан од Црквата, кој горделиво со своите сили се стреми да ги добие тешките и возвишени должности на пастирството, се покажува себеси како славољубец, лишен од сознанието и совршеното знаење за делото кон кое се стреми заради сопствена слава. Таквиот не гледа ниту на должноста, ниту на слабоста на своите сили, ниту на одговорноста. Таквиот целосно е недостоен за великиот призив на пастирството, затоа што не може да ја носи неговата тежина, не е подготвен (свесен) за неа, ниту, пак, може грижите да ги поднесува... ниту воопшто може да се грижи за духовната благосостојба на нему довереното паство, бидејќи е самољубив и користољубив. Таков е најмениот пастир, кој го приграбил пастирството, кој не влегува преку вратите, туку како крадец и разбојник ја прескокнува оградата и не се грижи за овците“. Пантелеймон (Агриков), *Пастырское богословие*, https://azbyka.ru/otechnik/Pantelejmon_Agrikov/pastyrskoe-bogoslovie-agrikov/ (пристапено на 15.05. 2022 г.).

вата. „Всушност, секое разгледување на *пастирскиот призив* треба да се отстрани и замени со разгледување на *пастирскта подготовка.*“[18] Според Храповицки, главната цел на морално-аскетската подготовка е здобивање со сострадателната љубов, со која тој ја објаснува самата срж на пастирството и ја смета за сигурен знак за нечија повиканост за пастирско служење.[19]

Негативниот однос на Храповицки кон внатрешниот призив, архимандрит Кипријан Керн го објаснува со неговиот специфичен богословско-духовен профил. Според Керн, станува збор за богослов, чија мисла е проникната со нагласен психологизам и морализам, богослов, кој има воздржан дури и одбивен однос кон мистиката и мистичното доживување.[20] Сличен став се забележува и кај Певницки, кој, исто така, е склон за призивот да размислува поскоро како за морално-психолошки феномен одошто како за благодатно доживување. Не случајно, според него е особено важно кај потенцијалните кандидати за богословските училишта уште од најрана возраст да се обрати внимание на нивниот морален карактер. Првично, моралните карактеристики се поважни од нивната вера и духовност.[21] И двајцата пастиролози (Храповицки и Певницки) моралот на кандидатите за свештеници го истакнуваат во прв план. Меѓутоа, зад нивните различни ставови во однос на пастирскиот призив, всушност, стојат и практични проблеми од црковниот живот, на кои тие реагираат на различен начин. Од една страна, главно, кандидатите за свештеници во Руската православна црква произлегувале од свештенички семејства[22], а од друга, во XIX век, во руското општество било

[18] Антоний Храповицкий, *Пастырское богословие*, 53. Во оваа насока е и размислувањето на уште еден руски пастиролог, епископот Венијамин (Милов). Тој забележува: „Внатрешниот (личносен, б.м.) призив може да го воспитаат во себе сите кои сакаат искрено да поработат на себе во пастирската подготовка. […] Пастирскиот призив е резултат на внатрешената работа на себе, а не на надворешно чудо.“ Вениамин (Милов), *Пастырское богословие с аскетикой* https://azbyka.ru/otechnik/Veniamin_Milov/pastyrskoe-bogoslovie-s-asketikoj/1_1 (пристапено на 05. 04. 2022 г.).

[19] Храповицки, пастирството го сведува на моралното влијание со коешто пастирот може духовно да ги преобразува душите на своите парохијани, преку својот христијански етос, првенствено, преку својата сострадателна љубов.

[20] Кипријан Керн, *Пастиско богословље*, Братство Св. Симеона Мироточивог 2003, 56.

[21] Василий Федорович Певницкий, *Священник. Приготовление к священству и жизнь священника*, 37. Слично размислува и Храповицки: „ако некој, дури и световно настроен младич, кој почувствува такво расположение (сострадание, б.м.) во себе, должен е да се посвети на духовното образование и изучување на пастирската служба“. Антоний Храповицкий, *Пастырское богословие,* 54.

[22] Во Руската православна црква изборот на парохиските свештеници бил вршен во самите парохиски заедници, кои испраќале петиција до надлежниот архиереј, со која барале од него да го ракоположи избраниот кандидат. Според Карташев, станува збор за „несвесно и директно подржавање на најдревната канонска норма и практика на првобитната христијан-

засилено влијанието на секуларни антицрковни идеологии и тенденции, особено помеѓу интелигенцијата. Певницки е испровоциран од запоставувањето на важноста на личносното осознавање на пастирскиот призив и земањето предвид единствено на надворешни критериуми на пастирскиот призив (запишување во богословските школи, произлегувањето од свештеничко семејство итн.). Храповицки, пак, реагира на честото напуштање на руските богословски семинарии и академии и на одбивањето да примат свештенички чин оние кои веќе се здобиле со богословско образование, во име на наводната лична неповиканост за пастирската служба. Него го погодува фактот на губењето на кандидати за свештенство кои ѝ се потребни на Црквата, особено во времиња, полни со искушенија и предизвици за верата и побожноста на христијаните.[23]

### Личносниот и еклисиолошкиот аспект на спознавањето на пастирскиот призив

Божјиот повик не ја исклучува слободната волја на човекот, туку постојано ја зема предвид. Божјото предзнаење не подразбира и предодреденост. Пастирскиот повик не е едностран чин, наметнат од Оној кој

ска Црква". Но во текот на XVIII век оваа практика значително ослабела, а самите избори во голема мера биле формализирани. Обично, кандидатите предвреме биле познати – синовите на самите парохиски свештеници. Со текот на времето парохиското свештенството станало наследно во рамките на свештеничките семејства. За ова придонеле и реформите на Петар Велики (1672 – 1725), коишто предвидувале отворање на богословски училишта, чиешто завршување станало задожителен услов за избор на клирици. Главно, во богословските семинарии и академии биле запишувани свештенички синови. На тој начин, од една страна, се случила своевидна „професионализација" на свештенството, а од друга, била отворена можноста за постепено формирање на посебен свештенички сталеж. Можноста за влегување на нови елементи во духовниот сталеж никогаш не било исклучена. Но доминантен бил „монополот на сталешката наследственост" на парохиското духовништво. За ова поопширно кај А. В. Карташев, *Очерки по истории Русской Церкви*. Том 2, Москва, Берлин 2020, 432–438. Трулскиот собор со своето 33 правило го осудува обичајот на Црквата во Ерменија да се примаат во клир само оние кои се од свештенички род. „Одлучивме: оние кои сакаат некого да воведат во клирот, да не смеат да гледаат на родот (потекото) на кандидатот." Никодим Милаш, *Правила Православне Цркве с тумачењима,* Нови Сад 1895, 515.

[23] „Нашето богословие треба да појаснува дека овоземниот живот претставува море на страдања, маки и солзи. Дали е време и дали е место за пасивни созерцанија на своите моментални можности и способности, дали е време за избегнување на служење на ближните под изговор на сопствената несовршеност? Кога куќата гори, оние кои се присутни и имаат средства за гаснење на пожарот не остануваат да бидат мрзливи набљудувачи, не ја оправдуваат својата мрзливост со својата немоќ, незнаење и останати нешта, туку трчаат да помогнат, колку можат. Така, исто и младите луѓе, кои ги повикала Црквата да се подготвуваат за пастирската служба, не смеат да останат рамнодушни кон духовните потреби на ближните." Антоний Храповицкий, *Пастырское богословие,* 54.

повикува, туку доброволно и слободно определување, свесно и одговорно прифаќање на понуденото дело. Пастирскиот призив, освен што е тајна на Божјата икономија е и тајна на човековата слобода и љубов. Не е лесно да се објасни како еден човек стигнува до мислата, уште повеќе до цврстата решеност, да стане свештеник. Различни луѓе, во различна возраст и на различен начин го осознаваат својот пастирски повик. Кај некои од нив пастирскиот призив се спознава уште од најраните детски години, за други тоа се случува во позрелата возраст. За некои тоа е поврзано со запишувањето во богословско училиште, за други, пак, со исклучително потресни случувања и пресврти во нивниот живот. Од страна на некои луѓе, благодатта на призивот е споз-наена одеднаш и за нив Божјиот повик е очигледен и јасен. Но, кај други, пак, тоа спознание, првично е магловито и нејасно и постепено созрева во нив, понекогаш во текот на подолг временски период. Сето ова е потврда дека Бог Својот повик не го наметнува насилно, туку секогаш остава простор за духовната слобода и спознание на човекот, односно ја зема предвид уникатноста на човековата личност, нејзиниот духовен развој и животен пат. Прашањето за пастирскиот призив како и самото пастирство треба да се разгледуваат низ призма на богочовечката синергија, која ја исклучува детерминираноста. Призивот не зависи само од Божјата волја, туку и од човековата волја и подготвеност за слушање на Божјиот повик. Не може да има спознавање на повиканоста или неповиканоста доколку отсуствува автентичниот подвиг и борба за усовршување во верата и стекнување на добродетелите. За да се слушне Божјиот глас, кој повикува кон пастирството, потребен е изострен духовен слух.[24]

[24] Неретко, некои ученици од богословски училишта се самопрогласуваат за неповикани за пастирската служба. Исто така, млакоста и неодговорноста или наемничкиот однос кон пастирското служење се земаат како показатели за нечија неповикност за пастирството. Но дали секогаш станува збор за отсуство на повиканоста или пак за бегство од Бога, затвореност за Божјиот повик, страв од претстојниот труд, малодушност и себеоправдување? Исто така, се поставува прашањето, дали некој може да прими пастирска служба без да биде повикан за неа? Некои пастиролози говорат за оваа трагична можност како за сосема реална и присутна појава во животот на Црквата. Но ако ваквите трагични случаи ги допуштиме како исклучителна реткост, и ако се земе предвид фактот дека секој ракоположен има минимум свест за карактерот на службата која ја добива, тогаш може да каже дека секој кој е ракоположен е и повикан од Бога за своето пастирство. Но дали повиканиот го слушнал Божјиот повик, како одговорил на призивот за пастирството и дали продолжил да го слуша истиот повик во текот на својата служба? Во секој случај, Божјиот повик не смее да се разбира фаталистички. Божјата, а и човековата волја не се детерминирани со некаква метафизичка нужност. Бог со својата Божјата љубов и слобода, ја надминува секоја законитост, и постојано го бара и очекува одговорот на човековата љубов и слобода, изразени во верата и во подвигот на благочестието.

Автентичната расположеност кон пастирството има „антиномичен" карактер. Од една страна е присутна силната желба за одење по крстоносниот пат на пастирството, а друга, свеста за сопствената немоќ и недостоинство. Според зборовите на апостолот Павле, „тежнее ли некој кон епископство, тој сака добра работа" (1 Тим. 3, 1).[25] Овде, во новозаветниот грчки текст, се употребни глаголите ὀρέγεται и ἐπιθυμεῖ со кои се означува силен стремеж, порив и ревност за пастирството. Свети Теофан Затвореник во своето толкување на ова место, повикувајќи се на авторитетни егзегети (Свети Јован Златосут, Екумениј, Блажени Теодорит), забележува дека кандидатите за епископство и презвитерство треба да имаат посебно расположение за духовен подвиг и пожртвуваност, коишто неразделно се поврзани со пастирското служење.[26] Желбата за пастирството не е желба за власт и чест, туку за добродетелен подвиг за духовно преобразување и спасение на ближните. Свети Јован Златоуст нагласува дека оној кој има острастено тежнеење кон пастирството и не е ослободен од желбата за првенство и власт не треба да пристапува кон свештеничкиот чин.[27] Расположението за пастирската служба треба да биде проследено со искрено смирение и предавање на Божјата промисла. Желбата за пастирството секогаш треба да биде придружена од искрениот молитвен повик: „да биде волјата Твоја".

Постои опасност, личното чувство за повиканост за пастирство (внатрешниот призив) да биде плод на прелест, на самозаблуда, која воопшто не е ретка појава во духовниот живот. Зад добрите намери може да стојат погрешните егоистични мотиви, за кои честопати не сме ни свесни, затоа што не сме свесни за своите страсти. Злото не му се нуди на човекот откриено, туку најчесто прекриено со навидум добри нешта.[28] На пример, властољубието и славољубието, може да бидат замаскирани со желбата „да се воведе ред" во Црквата, „да се направат позитивни промени" во духовниот живот

---

[25] „Πιστὸς ὁ λόγος· εἴ τις ἐπισκοπῆς ὀρέγεται, καλοῦ ἔργου ἐπιθυμεῖ" (1 Тим. 3,1).

[26] Святитель Феофан Затвореник, *Толкования Посланий апостола Павла к Титу, к Тимофею (Пастырские послания),* Москва 2005, 360–361.

[27] „Не му противречам на блажениот апостол Павле, туку зборувам во склад со неговите зборови. А што вели тој? 'Сака ли некој епископство, тој сака добра работа' (1 Тим. 3, 1). Ни јас не реков дека е бедна желбата за вакво дело, туку желбата за првенство и власт. Таквата желба, внимателно треба да ја прогониме од душата и од самиот почеток да не ѝ даваме да завледее со неа, за човекот во сè да може да дејствува слободно. Кој не сака да се велича со оваа власт, тој не се плаши да остане без неа. А ако не се плаши од тоа, тогаш може да прави сè со слобода, својствена за христијаните." Свети Јован Златоуст, *Шест книги за свештенството*, Штип 2005, 40–41.

[28] „Па и самиот сатана се преправа во ангел на светлината" (2 Кор. 11, 14).

на парохијаните.[29] „Оние кои се подготвуваат за свештенство можат да се опрелестат за своето идно служење поради желбата да влијаат на другите или да се опрелестат од надворешната убавина на богослужбените дејствија. Некои, пак, наоѓаат задоволството во мислата дека тие ќе ги поучуваат, раководат и исповедаат верниците. Други, пак, со префинето самољубие, мечтаат за високи должности и црковно-административни работи и постигнувања. Оние кои пристапуваат кон пастирството со ваквото расположение поскоро се способни да внесат неред во животот на своето паство, одошто да го преобразат."[30] Разочарувањата, духовите падови, па дури и напуштењето на пастирската служба, честопати, доаѓаат од погрешните проекции и неисполнети очекувања на пастирите. Затоа, кандатот за пастирстовото, треба со помош на духовникот, задолжително да се испита себеси и да провери дали неговите лични мотиви за примање на пастирската служба се согласни со самите цели на оваа највозвишена и најодговорна служба. Без процесот на себепознание, преку покајанието и борбата со страстите, не може да се има јасно сознание за сопствената повиканост за пастирството. Желбата да се служи на Бога и на Црквата како пастир треба да биде проверена, а одлуката за посветување на пастирскиот подвиг донесена во амбиентот на смирението и покајанието. Пред секој кандидат за пастирската служба стојат следниве прашања: „Дали сака да прими свештенички чин заради својата или заради Божјата слава? Дали сака да влезе во редот на клирот, заради својата или заради Божјата волја? Дали ќе биде некој кој постојано наемнички ќе го бара „своето" или ќе биде способен да се жртвува за она што е Божјо, од-

[29] Кандидатот за пастир, „привикнувајќи кон *нормативното учење*, т.е. кон учењето за тоа каква треба да биде Црквата, започнува со особена леснотија да ги критикува сите поради несогласувања со таа норма, постарите свои собраќа, духовништвото, органите на црковната власт и скоро несвесно се смета за иден *спасител* на Црквата. Ваквите настоенија се особено распространети меѓу младото духовништво и се духовно погубни. Кандидатот за свештенство треба да го воспитува во себе смирението пред Црквата: не рамнодушност кон недостатоците на црковниот живот и црковната заедница, туку сознанието дека повеќе тој има потреба од Црквата одошто таа од него, од неа добива сила и вдахновение за своето служење. Во стекнувањето на ваквото смирение пред Црквата, во навиката за самопроверка, за молитвата, за духовната објективност се состои внатрешното самоиспитување." Александр Шмеман, „Из лекций по пастырскому богословию", 735.

[30] Вениамин (Милов), *Пастырское богословие с аскетикой* https://azbyka.ru/otechnik/Veniamin_Milov/pastyrskoe-bogoslovie-s-asketikoj/1_1 (пристапено на 05.04.2022 г.). Кипријан Керн ги наведува следниве причини и мотиви како показатели за отсуство на пас-тирскиот призив: 1) примање на свештенството поради материјални побуди; 2) користењето на свештеничкиот чин за остварување на политички идеолошки (национални) цели; 3) славољубие и властољубие, односно похотта за господарење или кариеризам во Црквата; 4) воодушевеност од надворешната убавина на богослужбените обреди; 5) презаситеност или разочараност од животот. Кипријан Керн, *Пастирско богословље*, 46–47.

носно за Црквата, како тело Христово? Дали ја разбира пастирската служба како највозвишената и најодговорна служба за која треба да даде одговор на Страшниот Христов суд или пак во неа гледа можност за вработување или остварување на црковен кариеризам? Дали е во Црквата заради Христа и неговото стадо или пак заради своето острастено самољубие?" Овие прашања со сета нивна острина и тежина стојат пред секој пастир во текот на севкупното негово служење во Црквата. Но тие треба да бидат поставени и искрено одговорени пред примањето на свештеничкиот чин. Духовно-интелектуалната подготовка е неопходна заради спознавање на пастирскиот призив. Но, „пастирската служба ги надминува сите човечки сили, и ниту една подготовка не е способна да го направи човекот целосно достоен за оваа служба. Единствено *Божествената благодат, која немоќите секогаш ги исцелува и недостатоците ги дополнува*, е способна да го направи човекот вистински пастир."[31] Спознавајќи ја својата немоќ кандидатот за пастир треба молитвено да ја бара благодатната Божја помош: „Господи покажи ми го патот по кој да одам" (Пс. 142, 8).

Никој не може да сведочи за самиот себеси. Никој не може да го спознае својот повик без потребното сведоштво од Црквата. Токму затоа личната наклонетост кон пастирството треба да биде препознаена од страна на Црквата, првенствено од страна на епископот[32], но и од свештенството и народот Божји. Честопати во пастирологијата, прашањата поврзани со личноста на пастирот се разгледувани строго индивидуалистички, со повеќе или помалку нагласен пиетизам. Кандидатот за пастирска служба или самиот пастирослужител се гледаат како изолирани единки со сопствените морално-духовни квалитети. Овој пристап ја превидува еклисиолошката димензија на пастирството.[33] Схоластичката поделба на *внатрешен* и *надворешен* призив

[31] *Пастырско богословие*, ред. Иларион митрополит Волоколамский, 68.

[32] „Според востановената традиција, православниот христијанин, кој добил од архијерејот благослов за хиротонија, пишува соодветна молба до архијерејот. Поднесувањето на оваа молба не подразбира иницијатива од страна на молителот, затоа што иницијатор на хиротонијата е архијерејот. Молбата е потребна за да посведочи дека кандидатот прима ракополагање поради својот искрен стремеж кон свештенството, а не само поради некоја надворешна волја." *Пастырско богословие*, ред. Иларион митрополит Волоколамский, 69.

[33] Станува збор за клироцентричен пристап во пастирската теологија, формиран под влијание на телогијата на Тридентскиот собор, „која е заснована на клирикалниот дух како основа на црковниот живот". Тридентската теологија е обид на римокатолицизмот да се спротивстави на антиклерикално настроеното протестанство. Појавата на пастирското богословие на Запад, како академска дисциплина, всушност, се случува во контекст на одлуките на овој западен собир. Порфирије (Перић), „Новозаветне основе пастирског богословља", *Лице к лицу, Библијско-пастирска промишљања о Богу, човеку и свету*, Београд – Загреб 2015, 100–101.

и дилемата кој од овие два аспекта е поважен, во голема мера се утврдува и засилува токму поради одделеноста на пастирската теологија од еклисиологијата. Пастирската служба, како и секоја друга служба во Црквата, има релационен карактер. Таа е органски поврзана со црковната заедница. Поедничните харизми, кои се пројавуваат во определени црковни служби, меѓусебно се проникнуваат и надополнуваат. Затоа, секое пастиролошко прашање, вклучително и прашањето за пастирскиот призив, треба да се разгледува еклисиолошки. Идниот пастирослужител, повикот на Божјата благодат го слуша и спознава како член на телото Христово. Тој е повикан од Бога преку Црквата, во Црквата и заради Црквата. Затоа, прашањето за автентичноста на пастирскиот призив има личносно-соборна динамика и не може да се сведе исклучиво на индивидуална дилема.[34]

Современите пастиролози, со право, нагласуваат дека без оглед на сите надворешни околности и фактори, „решението за стапување на патот кој води кон свештенството, како и за примањето на свештенството човекот треба да ја донесе самостојно, разбирајќи ја целосно одговорноста за таквото решение“.[35] Отсуството на личната волја за пастирскиот подвиг не може да биде надоместено со нешто друго. Кога отсуствува личната определеност за посветување на пастирското служење, тогаш сите надворешени фактори и околности, без оглед на нивното позитивно значење, самите по себе, не се доволни сведоштва за нечија повиканост за пастирската служба. На пример, растењето во благочестиво црковно семејство е голема предност и може да има силно поттикнувачко значење за љубовта кон свештеничката служба. Исто така, сосема природно и очекувано е свештеничките синови да бидат вдахновени од примерот на своите родители свештеници. Меѓутоа, оние кои потекнуваат од воцрковени или свештенички семејства, без оглед на тоа што од својата најрана возраст израснале во амбиентот на литургиска побожност, сепак, својата вера, а уште повеќе евентуалниот својот пастирски повик треба да ги прифатат слободно. Наследената вера треба да биде усвоена личносно. И тоа усвојување честопати е проследено со одредени кризи, преиспитувања и искушенија, кои се полезни за личното утврдување во верата. Запишувањето во богословските образовни институции, без оглед на првичните мотиви на учениците или нивите родители, е и дело на Божјата промисла. Без оглед на почетни намери, кои не секогаш се строго духовни и црковни, сепак, учениците во богословските училишта имаат доволно време и услови за своето духовно созревање и личносно препознавање на сопствениот пастирски призив. Но дали тоа ќе се случи во голема

[34] Спореди: Љубивоје Стојановић, *Пастирско служење*, Београд – Зрењанин, 2003, 171.

[35] *Пастырско богословие*, ред. Иларион митрополит Волоколамский, 72.

мера зависи од самите нив. Стекнувањето со богословско образование, иако има исклучителна важност за идните пастири, сепак, самото по себе, не е гаранција за пастирскиот призив.[36] Учениците од богословските училишта се кандидати за клирици, но тие треба да бидат ослободени од притисокот дека самото запишување во богословија задолжително води кон ракополагање. Во не мал број случаи, оние кои завршиле средно или високо богословско образование се откажале од примањето на свештенички чин, не затоа што не сакале да служат во Црквата, туку затоа што во текот на школските години во себе го согледале отсутвото на призивот за пастирската служба. Во ваквите случаи, подобро е да не се бара ракополагање во свештенички чин. На примањето на свештеничкиот чин не смее да се гледа просто како на вработување или обезбедување на материјална егзистенција. Во спознавањето на повиканоста за пастирската служба, исклучително важна улога има духовното раководство од искусен духовник. Тој, „разликувајќи ги духовите", со своите поуки може да му помогне на своето духовно чедо како да го препознае во себе пастирскиот повик или, пак, да ја благослови веќе донесена одлука за посветување на пастирскиот подвиг. Духовникот може да го поттикне, охрабри и насочи, но не и да одлучува наместо своето духовно чедо. Повеќе пастиролози, волјата на надлежниот архијереј ја истакнуваат како главен и одлучувачки фактор во повиканоста од страна на Црквата. Таа првично изразена во благословот за запишување во богословско училиште, а потоа во благословот некој да биде ракоположен. Од исклучителна важност е кандидатот за свештенство и неговиот живот да му бидат добро познати на епископот, кој како возглавител на својата епархија, носи одговорност за ракополагањето. Апостолот Павле говори дека идниот пастир треба да има добро сведоштво за својот добродетелен живот, и „од надворешените"

[36] „Сметам дека подразбирањето на верата (кај кандидадите кои се запишуваат во богословија, б.м.) како и надежта дека школскиот систем и дисциплина едноставно ќе 'направат', 'исфабрикуваат' пастир, е основен проблем на нашите богословии, а не плановите и програмите, дури ниту должината на школувањето. Средношколското црковно образование треба да биде период сличен на катихуменатот, кога верата на ученикот ќе се следи и надгледува, но со свест дека исходот е неизвесен. Не сите се подготвени да напредуваат во верата, а особено тоа е проблематично во адолесцентниот период. Никаков систем не може да гарантира дека кај дететото... ќе се разгори жарот на верата, каков што е потребен за денешниот пастир и дека традиционалната вера со која, се надеваме дека дошол (ученикот во богословијата, б.м.) ќе ја преобрази во лична, слободна и зрела христијанска вера. Во однос на верата, задачата на професорите и духовниците во школите би била да следат, надгледуваат, расудуваат, пружаат поддршка, и на крајот да му предложат на надлежниот епископ евентуални пастири, а не да ги 'произведуваат' за пастири оние кои Бог не ги повикал да бидат пастири". Зоран Крстић, „Вера као услов за ступање у клир – средњошколско црквено образовање у савременом друштвеном контексту". https://www.eparhijasumadijska.org.rs/download/rektor/Vera_kao_uslov_za_stupanje_u_klir_Krstic.pdf (пристапено на 07.05.2022 г.).

(1 Тим. 3, 7), односно од оние кои не се членови на Црквата. Свети Јован Златоуст, во своето толкување на ова послание, забележува: „Ако е потребно да се има сведоштво од непријателите (незнабожците) уште повеќе од пријателите“, односно од членовите на Црквата.[37] Незаобиколно значење за препознавањето на нечиј пастирски призив има парохиската заедница на којашто идниот пастирослужител припаѓа. Интересен е ставот и искуството на Антониј Блум, кој како митрополит Сурошки ги ракополагал оние кои претходно веќе биле препознаени од нивната парохиска заедница, како достојни кандидати за свештенство.[38]

Сите наведени надворешни показатели за пастирскиот призив, особено волјата на црковната заедница, изразена во благословот на надлежниот архијереј, не треба да бидат занемарувани. Меѓутоа, тие не можат да имаат одлучувачко значење за нечие ракополагање, без цврстата решеност на самиот кандидат за свештенство. Според зборовите на Свети Јован Златоуст, „дури и илјада луѓе да нѐ повикуваат и да нѐ принудуваат, не треба да обрнуваме внимание, туку треба однапред да ја испитуваме својата душа и сѐ грижливо да истражиме, па дури потоа, да отстапиме пред оние кои не присилуваат“.[39] Постојат мноштво случаи кога определени личности поради својата скромност, смирение, како и сознанието за тежината на пастирскиот крст, воопшто не се гледаат себеси како идни пастирослужители. Но тие својот повик можат да го спознаат преку советите и поттикнувањата дојдени од епископот, духовникот или црковната заедница. „Човекот може поради различни причини – смирение, зафатеност, чувството на должност кон семејството итн., да не го послуша гласот на личниот призив, односно Божјиот глас. На човекот му е својствено да се сомнева во себе, да се колеба, да се плаши од конечни одлуки, и тогаш гласот на Црквата може и треба да

[37] *In epistulam i ad Timotheum*, 10, 2 (PG 62, 550-551).

[38] Антониј Сурошки, *Пасширсшво, книга I*, Куманово 2016, 59–60. Предвидените канонски услови за примање на еден од трите ерархиски чинови, вушност, индиректно покажуваат дека неформалното сведоштво за подобноста на идниот клирик е потребно и од народот. Имено, кандатот треба да биде познат по неговиот добродетелен живот во својата средина. Спореди: Панајотис Ј. Бумис, *Канонско право*, Сарајево – Београд, 2011, 110–111. Иако народот не учествува во изборот на клириците, сепак, неговото сведоштво изразено во извикот – *досшоен,* е неопходно. Преку него се изразува согласноста на лаосот за изборот на ракоположениот кандидат, како и рецепцијата на самиот светотаински чин на ракополагање во кој се измолуваат благодатните дарови на Светиот Дух. Оваа сведоштво е особено значајно кога доаѓа од локалната евхаристиска заедница во која и заради која се врши самото ракополагање. Во древната Црква, ракополагањето се вршело со јасно назначување за определна епархија или парохија и тоа се вршело во самата неа. За ова: Николай Николаевич Афанасьев, *Экклезиология вступления в клир*, Киев 1997, 47–49.

[39] Свети Јован Златоуст, *Шесш книги за свешшенсшвошо*, Штип 2005, 63.

се покаже решавачки. За ова, во Преданието наоѓаме мноштво примери. Ни Свети Василиј Велики, ни Свети Амвросиј Милански, ни Свети Јован Златосут не помислувале на пастирството, не се стремеле кон него, но тоа било возложено врз нив од Црквата. И ако во познатата изрека, зборот *народ* се разбере како *народ Божји*, како Црква, тогаш навистина „гласот на народот“ може да биде „глас Божји“.[40] Внатрешниот стремеж кон пастирстовото е неопходен, но тој во одредена личност се разбудува и формира преку разноликиот сплет на односи во црковната заедница. Секоја личност духовно расте и се формира во и преку односот со другите личности. Личниот призив за пастирството се зародува и зајакнува врз фонот на благопријатните надворешни фактори. Користејќи ја схоластичката теорминологија, може да се каже дека внатрешниот призив не е можен, без надворешениот призив. Исто така и знаците на надворешниот призив го губат своето значење без личносно слушнатиот повик за пастирската служба. За личноста со црковен подвиг и духовна трезвеност дури и нешта кои можеби наизглед се безначајни, може да бидат имаат особено значење. Кога постои автентичен стремеж кон пастирството, тогаш бројни околности може да бидат јасни патокази кон пастирството. И спротивно, најочигледни знаци, можат да бидат незабележани и да немаат особено значење за определувањето на животниот пат на одредена личност. Затоа, остриот разделување, уште повеќе, нагласеното спротивставување на внатрешениот и надворешен призив не соодветствува на црковниот дух. Наспроти парцијалниот, потребен е холистички пристап кон разгледувањето на прашањето за призивот за пастирството. Внатрешниот и надворешниот призив се комплементарни. Тие претставуваат два аспекта на едно исто дело и затоа не можат да бидат разгледувани одделно, уште помалку спротивставувани. Погрешената дилема за тоа кој од нив е поважен, всушност, може да биде изразена во едно прашање, коешто му е сосема туѓо на црковниот етос: *кој е поважен, личноста или заедницата*? Крајностите на индивидуализмот и колективизмот му се туѓи на автентичниот црковен етос. Во Црквата, ниту личноста трпи штета за сметка за заедницата, ниту заедницата за сметка на личноста. Сите се во секого за сè и секој во сите за сè. Благодататното единство на христијаните во телото Христово е основа за нивното меѓусебно поттикнување во љубовта и добрите дела (Евр. 10, 24).

[40] Александр Шмеман, „Из лекций по пастырскому богословию“, 734.

**Знаци на пастирскиот призив**

Во продолжение, без да го следиме строгото разликување на внатрешен и надворешен призив ќе ги предочиме знаците преку кои кај определна личност се спознава повикот за пастирската служба. Црковното пастирство е благодатно учество во пастирското дело на Христа, единствениот вистински Пастир. Преку благодатните дарови на Светиот Дух, црковното пастирство е еклисиолошки и онтолошки втемелено во Христа, „Кој бидејќи живее вечно, има свештенство што нема да мине на друг“ (Евр. 7, 24). Црковните пастирослужители благодатно го овоплотуваат (иконизираат-оприсутнуваат) Христовото пастирство. Како што Црквата е тело Христово („продолежен Христос“) така и пастирството е продолжение на Христовото пастирство, на Неговата троедна служба (првосвештеничка, учителска и царска) во Црквата.[41] Не случајно, еден од најзнаменитите пастири на Црквата Христова, светиот и праведен Јован Кронштадски својот духовен дневник го насловил *Мојот животот во Христа*. Во него, светителот пишува дека срцето на свештеникот треба целосно да е исполнето со самиот Христос, „големиот Пастир на овците“ (Ер. 13, 20).[42] Повеќе пастиролози говорат за тоа дека прв и основен знак за повикноста за пастирската служба е силната и непоколеблива љубов кон нашиот Спасител Богочовекот Христос.[43] Он после Своето воскресение три пати го прашал апостолот Петар: „Симоне Јонин ме љубиш ли?“ И трипати по потврдните одговори на апостолот, Христос велел: „Паси ги овците Мои!“ (Јован 21, 15-17). Пастирското служење е неразделно поврзано со љубовта кон Христа и произлегува од неа. Христолошки засновано и христоцентрично ориентирано, црковното пастирство

[41] „Црквата од почетокот го сметала Исуса Христа за Првосвештеник (Евр. 9, 11), Учител-Пророк и Владика (Откр.12, 10; 11, 15; Матеј 28, 19 итн). Овие три својства се Негови служби и достоинства. Тие се неразделни. Он учи служејќи, се жртвува победувајќи ги последиците на гревот, владее како заклано Јагне (Откр. 5 гл.) Тие навистина не можат да се делат, зашто во секоја од нив се вклучени и останатите две.“ Димитрије Станилоје, *Православна догматика II*, Сремски Карловци 1993, 78–79. „Во согласност со некои учебници по пастирско богословие, свештеничкото служење во Црквата наоѓа свој израз во три области: свештенодејствие, управување и учителство. Според тоа свештенодејствието и учителството не се управување, а управувањето, односно пастирското раководство не е свештенодејствие и учителство. Но според нашиот поглед, правилно е да се говори поинаку: пастирското раководство се остварува во извршувањето на светите тајни, извршувањето на други богослужбени и обредни дејствија, поучувањето во словото Божјо и општото духовно раководство на паството“. Георгий (Капсанис), *Пастырское служение по священным канонам*, Москва 2006, 143.

[42] И. И. Сергиев, *Моя жизнь во Христе или минуты духовного трезвения и созерцания, благоговейного чувства, душевного исправления и покоя в Боге* Т. 1, С. Петербургъ 1893, 33.

[43] Георги Шавелски, *Православно пастирство*, 45.

има жртвен кенотичен карактер. Затоа, вториот показател за пастирскиот подвиг е љубовта кон луѓето и ревноста за нивно духовно-морално преобразување и подготвеноста за пожртвувано служење, заради нивното спасение во Христа Господа. „Идниот пастир треба да биде подготвен да не ги штеди своите сили, своето време и здравје за своите парохијани и целосно да се предаде на служењето на Црквата.“[44] Првото основно прашање кое се однесува на пастирскиот призив е прашањето коешто Христос им го поставил на своите ученици Јаков и Јован: „Можете ли да ја пиете чашата што ќе ја пијам Јас; или да се крстите со крштевањето со кое се крштевам Јас?“ (Матеј 20, 22).[45] Пастирскиот призив не е повик за чест и привилегија, за господарење над другите, туку за христолико и крстоносно служење и полагање на својата душа за спасението на другите. Вистинскиот пастир треба да биде икона на Христовата љубов кон човекот и светот. Митрополитот Антониј Храповицки, повикувајќи се на Преданието и сопственото искуство, силно ја нагласува сострадателната љубов како суштестествен белег на пастирското настроение, но и воедно, како знак на пастирскиот призив кај определен кандидат за пастирство.[46] Во служењето на црковниот пастир треба да се пројавува жртвениот етос на Пастироначалникот Христос, Кој ја полага Својата душа за Своето стадо (Јован 10, 11). Пастирската служба треба да биде постојана пројава на човекољубивоста на Милостивиот Самарјанин. Свети Јован Кронштадски забележува дека црковниот пастир е „должен да биде проникнат и преисполнет со божествена љубов кон

---

[44] *Пастырско богословие*, ред. Иларион митрополит Волоколамский, 65.

[45] Ова Христово прашање, Антониј Митрополит Сурошки, во пастиролошки контекст, го објаснува на следниот начин: „Подготвени ли сте да слезете во длабочината на ужасот на Гетсиманија и Голгота и да слезете во пеколот каде што Јас одам? Да се биде свештеник треба да се биде во состојба на подготвеност, барем со желба, ако не и со дело – затоа што со делата треба да растеме целиот живот, и секако, таква мера достигнуваат најголемите светии – треба да можеме да речеме: да, Господи, подготвен...! Свештеници, не треба да стануваме тогаш кога ќе сакаме да служиме Литургија, треба и да се грижиме за луѓето, а кога ќе можеме да речеме: да, Господи, подготвен сум за Крстот, за длабочините на гетсиманскиот ужас, за длабочините на голготскиот ужас, сè до зборовите: *Боже Мој, Боже Мој*! *Зошто си Ме оставил*?“ Антониј Сурошки, *Пастирство, книга I*, Куманово 2015, 58–59.

[46] Тој ги наведува познатите зборови на Свети Симеон Нов Богослов, за тоа дека пастирот треба да биде некој кој „има таква љубов кон Бога, штом го слушне името Христово веднаш во него да се разгори љубовта и да пролева (благодатни, б.м.) солзи, и кој освен ова и плаче за своите ближни и туѓите согрешенија ги смета за свои, и себеси искрено се смета за повеќе грешен од сите... и кој спознавајќи ја немоќта на човековата природа се надева на благодатта и на нејзината закрила, и бивајќи побудуван од нејзината сила, усрдно се одлучува за прифаќање на ова дело (т.е. примањето на свештенството), ја отфрла секоја човекова помисла, со подготвеност да ја положи својата душа заради само една Божја заповед и заради љубовта кон ближниот.“ (XII беседа). Антоний Храповицкий, *Пастырское богословие*, 54.

сите и негова најглавна грижа да биде тоа, за да може без грев да стои пред престолот Божји, да ги подига рацете кон сите луѓе, да ги спасува порано и подоцна нему доверените души, искупени со бесценетата крв Христова“[47]. Љубовта како дар Божји (Рим. 5, 5) е и најголемата добродетел, која е основа и полнота на сите останати добродетели. Нејзиното усвојување не е можно без благодатна борба со острастениот егоизам (самољубието), односно со гревот и страстите. На идниот пастирослужител треба да му е позната аскетската борба, која тој ќе ја продолжи како непрекинат подвиг во своето пастирско служење. Според зборовите на отец Александар Елчанинов, „не е можно, да ги лекува душите на другите... оној кој не се излекувал себеси, да го приведува во ред туѓото душевно домаќинство со хаосот во сопствената душа, не имајќи во себе мир, да им носи мир на другите“.[48] Оној кој се подготвува да влезе во редот на црковното духовништво треба да живее благодатно-подвижнички, да биде образец во борбата за стекнување на Светиот Дух. Тоа значи да „припаѓа на Царството на Духот, а не на овоземното царство на секојдневието, на областа на материјалните пресметки и интереси. Тоа е, пред сѐ, воспитување на самиот себеси во духот на Царството Божјо, градење на тоа Царство во себеси.“[49] Во еден современ учебник по пастирско богословие, освен досега набројаниве знаци на пастирскиот призив, се наведува и „живиот интерес кон црковното учење, кон догмите и телогијата во целина“.[50] Вообичаено, во пастирската теологија ова прашање се разгледува во посебно поглавје за подготовката на идните пастирослужители. Но во овој контекст, само ќе напоменеме дека е потребно да се отфрли предрасудата за тоа дека на пастирот не само што не му е потребна интелектуална подготовка, туку дека таа е штетна и наводно е пречка за неговото смирение, молитвеност и духовност. Севкупното предание, најзнаменитите пастирски примери од историјата на Црквата, недвосмилено сведочат дека аскезата и духовниот живот не ја исклучуваат интелектуалната наобразба, туку, напротив, ја подразбираат. Црковните пастири, првенствено епископите, според своето место во Црквата, се учители и раководители на народот

[47] И. И. Сергиев, *Моя жизнь во Христе...,* 201.

[48] А. Ельчанинов, *Православие для многих*, *Отрывки из дневника и другие записки*, Москва 2006, 286.

[49] Кипријан Керн, *Пастирско богословље*, 71.

[50] „Не случајно, богословските науки заземаат толку значајно место во духовните семинарии и академии. Свештеникот кој лошо го знае учењето на верата, не е упатен во теологијата, нема интерес за теолошките прашања, е сличен на лекар, кој не е упатен во анатомијата и физиологијата. Таквиот лекар во случај на нужност може да изврши наједноставни операции, но во тешки случаи, се покажува беспомошен, не само да назначи правилното лекување, туку дури и да постави правилна дијагноза.“ *Пастырское богословие*, ред. Иларион Алфеев, Москва 2021, 65.

Божји во правоверието и добродетелниот живот.[51] Според апостолот Павле, црковниот пастир (епископот или презвитерот), освен што треба да биде образец во добродетелта, треба да биде и „способен да поучува“ (1 Тим. 3, 2) „да биде силен и да поучува во здравото учење, и да ги побива оние кои се противат“ (Тит 1, 9). Слично и Свети Јован Златоуст нагласува дека пастирот, како црковен учител и проповедник, треба секогаш да биде подготвен да го одбрани учењето на Црквата од еретичките напади. Тој пишува: „...оној кој е поставен да ги учи другите должен е во споровите да биде поискусен од сите. Иако, тој самиот, не претрпувајќи никаква штета, остане безбеден, сепак обичните луѓе кои се наоѓаат под негово раководство откако ќе видат дека нивниот предводник е победен и дека не е способен ништо да им возврати на противниците, во тој пораз нема да ја гледаат само неговата слабост, туку слабоста на самото учење; така поради недостигот на искуството на еден човек, мноштвото се изложува на опасност.“[52]

Во поглед на досега наброениве знаци на пастирскиот призив (љубовта кон Христа, сострдателната љубов кон луѓето и ревноста за нивно преобразување, желбата за изучување на теологијата) архимандритот Кипријан Керн има сериозен приговор. Тој забележува дека овие карактеристики, кои сосема природно се очекуваат од идниот свештеник, според учењето на Црквата, треба да бидат присушти и на сите христијани. Тие не се ексклузивни за црковните пастири или за кандидатите за црковно пастирство. Неговата забелешка е умесна, затоа што сите христијани, како членови на народот Божји, се носители на општата харизма на царското свештенство. Поради општата благодатна напоеност со Светиот Дух на телото Христово, не постои онтолошка, туку функционална разлика помеѓу царското и олтарното свештенство. Во православното предание не се прави разлика помеѓу духовноста на клириците и духовноста на лаиците. Сите подеднакво се повикани на добродетелен живот и усовршување во Христа Господа. Но сепак, барањата и критериумите во однос на црковните пастири се построги и повозвишени, затоа што тие, според своето место во Црквата, имаат поголема одговорност кон црковната заедница. Тие, според зборовите на Свети

---

[51] Според 58 апостолско правило, ако епископ или презвитер е немарен во поучувањето на клирот и народот најпрво бива изопштен (одлачен од евхаристиско општење), а ако остане во својата немарност и да биде расчинет. Во 19 правило на Трулскиот собор стои: „Престојателите (епископите) на црквите, треба секој ден, а особено во деновите Господови (неделите) да го учат сиот клир и народ во словата на благочестието“. Никодим Милаш, *Правила Православне Цркве с тумачењима,* Нови Сад 1895, 125–126,

[52] Свети Јован Златоуст, *Шест книги за свештенството*, 77. „Кој не умее да се бори со непријателите, да го пороби секој разум за да му биде покорен на Христа (2 Кор. 10, 5), тој не знае колку е потребно здравото учење, таквиот треба да биде далеку од учителскиот престол.“ *In epistulam ii ad Timotheum*, 2, 2 (PG 62, 673).

Јован Златоуст, не живеат само заради себе, туку и заради другите. Исто така, нивните животи се секогаш под будното око на заедницата и нивните слабости предизвикуваат поголеми соблазни одошто слабостите на поединечни христијани лаици.[53] „Кому му е многу дадено, многу и ќе се бара од него; и кому му е доверено повеќе, повеќе ќе се бара од него" (Лука 12, 48). Овие Христови зброви не се однесуваат исклучиво на пастирите, но секако дека се однесуваат и на нив. Оние кои во Црквата се издигнати на височините на пастирската служба треба да бидат пример, образец за сите христијани, нивни духовно-морални ориентири.[54] Но, Кипријан Керн во потрага по конкретен одговор за специфичноста на пастирскиот призив и настроение, забележува дека добродетелен пример може да биде еден монах или лаик, морално влијание врз ближниот може да има и оној кој не е свештеник, да сострадува може и мајката и воспитувачот, но служењето на Евхаристијата е дадено само на црковните пастири, (епископите и свештениците). Според мислењето на овој пастиролог, автентичен знак на пастирскиот призив е љубовта кон Евхаристијата, желбата да се биде учесник во неа, да се биде нејзин служител. Црковниот пастир има мошне широко поле на делување (богослужбени, исповедничко-духовнички, социјално-харитативни, катихетски, мисионерски, организациско-административни активности итн.). Но, како и на секој човек, така и на црковниот пастир може да му недостасуваат одредени способности. „Тој може да биде лош беседник, или неспособен за администрацијата во парохијата, досаден предавач по веронаука, па дури може да биде неосетлив и престрог духовник со тешки епитимии, да не говориме дека може да биде лишен од интересот за организација на спортски или социјални активности; но сето тоа може да му биде простено и да не го засега неговото духовно делување, доколку тој поседува чувство на евхаристичност, доколку тој не престане да го смета за свое најглавно дело *устројувањето на тајните* и служењето на Божествената литургија,... Од служењето на Евхаристијата (оприсутнувањето на Телото и крвта Христово) поголема власт, ниту поголемо мистично средство, не му се дадени на свештеникот. Тоа е всушност е животното дело на свештеникот."[55] На

[53] Свети Јован Златоуст, *Шесш книīи за свешшенсшвошо*, 42, 44.

[54] Во црковни канони се истакнува потребата од испитување на кандидатите за ракополагање, во поглед на нивната вера и добродетелен живот. Испитувањето на кандидатот за ѓаконски и презвитерски чин пред ракополагањето го врши надлежниот епископ, а кога станува збор за примањето на епископски чин, тоа му припаѓа на епископскиот Собор на помесната Црква, на чело со нејзиниот поглавар (Лаод. 12; I Вс. 9; спореди: св. В. В., 89). За ова поопширно види: Георгий (Капсанис), *Пастырское служение по священным канонам*, 151–157.

[55] Кипријан Керн, *Пасширско боīословље*, 60. Поврзувањето на пастирскиот призив со Евхаристијата е исклучително важно. Затоа што тоа укажува на евхаристоцентричноста на

изнесениов став на Керн за љубовта кон Евхаристија како показател на пастирскиот призив се надоврзува и согледувањето на отец Александар Шмеман. Тој забележува дека „пастирскиот призив надворешно се пројавува во особена љубов кон храмот и богослужението, во стремежот да се прислужува во олтарот, во грижата за храмот, во интересот кон сѐ што е црковно. Човекот како да го доживува тоа што го доживувале апостолите на гората Тавор: *Добро ни е да бидеме овде*. На човекот му е добро да биде во црквата, тој ја чувствува за свој дом, го влече кон неа. Тоа чувство е веродостоен знак на призивот, затоа што во особената, лична љубов кон Црквата и грижата за неа е основата на свештенството и пастирството. Оној кој не го љуби храмот и сите *ситници*, сите подробности на црковниот живот, нема да биде добар свештеник, затоа што храмот е вистинскиот дом на свештеникот и *ревноста за домот Божји* треба да биде двигател на целиот негов живот“.[56] Редовното учество во богослужбениот живот на Црквата има пресудно значење за подготовката и за спознанието на призивот од страна на идниот пастир. Тој треба да биде редовен учесник во богослужбениот живот, целосно соживеан со литургискиот амбиент на Црквата и да биде активен учесник во одреде-

севкупната пастирска активност. Евхаристијата како суштински најважниот настан во животот на Црквата е извор и цел на пастирското служење. Таа е оската околу која треба да се движи секој пастирски напор. Сѐ во Црквата добива своја смисла и значење преку својата поврзаност со Литургијата. Сржта на пастирството се состои во поттикнување и засилување на редовното учеството на парохијани во Евхаристијата, како икона на Царството Божјо. „Секој вид пастирско делување кое го има за цел изградувањето на Црквата и зачувувањето на христијанскиот идентитет, доколку не е во рамките на евхаристискиот, односно светотаински простор, станува контрапродуктивно. Секое пастирско дело мора да биде засновано на евхаристиското богословие, односно мора да извира од евхаристискиот контекст, а со самото тоа за краен дострел да го има унапредувањето на животот на верните во просторот на евхаристиската заедница.“ Порфирије (Перић), „Новозаветне основе пастирског богословља“, *Лице к лицу*, *Библијско-пастирска промишљања о Богу, човеку и свету*, 103.

[56] Александр Шмеман, „Из лекций по пастырскому богословию“, 733. Поради човековите слабости, интересот и ревноста за богослужението и храмот може да биде површни и формални. Не случајно, пастиролозите, естетската восхитеност од надворешноста на богослужението ја вбројуваат во знаците кои укажуваат на погрешната мотивација за примање на свештенички чин. Шмеман, забележува дека младешкиот ран интерес и љубов кон храмот и богослужението треба да бидат продлабочени и проверени, и задолжително да прераснат во жив интерес, грижа и ревност кон животот на Црквата како заедница. Овој интерес за Црквата во целина, всушност, „е стремеж за победа на Христа, благодатта, спасението и вистината во човековиот живот. Автентичното сведоштво за пастирскиот призив се состои во маката со која се измачувал Христос: ’Јас дојдов да фрлам оган на земјата и колку би сакал да се беше веќе разгорел. Со крштевање треба да се крстам и колку Ми е мачно додека не се сврши‘ (Лука 12, 49-50). *Спокојниот* пастир кој се интересира само за надворешната страна на црковниот живот, а е рамнодушен кон Христовото дело во светот е псевдопастир“. *Истиот*, 733–734.

ни активности на својата парохиска црква.[57] Изучувањето на теологијата на исклучиво академски начин и дистанцираноста од црковното богослужение претставуваат сериозно промашување и духовна опасност за студентите по теологија, како идни кандидати за црковни пастири.

---

[57] На пример, доколку има можност, со благослов на надлежниот архијереј или парохиските свештеници, кандидатите за свештенство треба да земат учество во харитативните, катихетски и други активности на парохиската заедница. Сосема природно е оној кој се подготвува за пастирското служење да биде активен член на одредена литургиска заедница. Особено значење за подготовката и препознавањето на пастирскиот призив има и примањето и задржувањето во пониските степени на црковните чинови (чтец, ипоѓакон, ѓакон). За потребата од постепеното издигнување во клирот на идниот пастир (епископ, презвитер) или ѓакон говори 10 правило на Сардикискиот собор. „А за секој степен од чинот (свештен) треба, очигледно, да се остави не мала должина временска, со што ќе може да се запознае неговата вера, добродетелност во однесувањето и постојаност и кротост, па тој, бивајќи сметан за достоен за Божественото свештенство, да ја добие највисоката чест“. *Свештени канони на Светата Православна Црква*, Велес 2011, 314.